ISSN 1857-5323

# БИЛТЕН

## НА УНИВЕРЗИТЕТОТ АМЕРИКАН КОЛЕЏ СКОПЈЕ

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Приватна високообразовна установа
**УНИВЕРЗИТЕТ АМЕРИКАН КОЛЕЏ СКОПЈЕ**
Бр. 03 - 426 / 1
11.06.2024
С К О П Ј Е

УНИВЕРЗИТЕТ АМЕРИКАН КОЛЕЏ СКОПЈЕ

ISSN 1857- 5323

# Б И Л Т Е Н

# НА УНИВЕРЗИТЕТ АМЕРИКАН КОЛЕЏ СКОПЈЕ

Бр. 111

Скопје, 11. 6. 2024 година

Издавач:
**УНИВЕРЗИТЕТ АМЕРИКАН КОЛЕЏ СКОПЈЕ**

Главен и одговорен уредник:
**Проф. д-р Тони Васиќ**

Печати:
**УАКС Скопје**

Тираж: **20 примероци**

# СОДРЖИНА

**Стр. 5**
**РЕФЕРАТ**
за избор на наставник во сите насловни звања по група предмети од областа на економија (5.02.00.01) финансии (5.02.00.07) и друго (5.02.00.09) на Факултетот за деловна економија и организациони науки при Универзитет Американ Колеџ Скопје

# РЕФЕРАТ
# ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСЛОВНИ ЗВАЊА ПО ГРУПА ПРЕДМЕТИ ОД ОБЛАСТА НА ЕКОНОМИЈА (5.02.00.01) ФИНАНСИИ (5.02.00.07) И ДРУГО (5.02.00.09) НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ДЕЛОВНА ЕКОНОМИЈА И ОРГАНИЗАЦИОНИ НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ АМЕРИКАН КОЛЕЏ СКОПЈЕ

Со Одлука бр. 14-385/3 од 27. 5. 2024 година донесена на седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за деловна економија и организациони науки, одржана на 27 мај 2024 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на наставник во сите насловни звања по група предмети од областа на економија (5.02.00.01) финансии (5.02.00.07) и друго (5.02.00.09) на Факултетот за деловна економија и организациони науки при Универзитет Американ Колеџ Скопје.

Конкурсот за овој избор беше објавен во дневниот весник „Нова Македонија" на 24. 4. 2024 година. Во предвидениот рок, на конкурсот се пријави:

- *д-р Љубе Јолевски.*

Заедно со биографијата, кандидатот има доставено уверенија и дипломи за претходно оформени степени на образование, како и список на објавени рецензирани трудови. Врз основа на приложената документација од кандидатот, Рецензентската комисија на Наставно - научниот совет на Факултетот за деловна економија и организациони науки при Универзитет Американ Колеџ Скопје му го поднесува следниот:

## И З В Е Ш Т А Ј

***Биографски податоци за кандидатот***

Д-р Љубе Јолевски е роден на 05.08.1992 во Скопје. Високо образование има завршено на Економскиот факултет Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј"- Скопје, каде во 2015 година се стекнал со звање Дипломиран економист по Финансиски менаџмент (245 ЕКТС), со просечна оцена на успехот во текот на студирањето од 9,41.

Кандидатот го завршил вториот циклус (магистерски) студии на Економскиот факултет Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј"- Скопје на студиската програма Монетарна економија, финансии и банкарство, со просечна оцена 10. Во 2017 година со одбраната на магистерскиот труд со наслов „Причини и последици од нефункционалните кредити - Случајот на банките во Република Македонија" се стекнал со стручен назив Магистер по економски науки.

Кандидатот го завршил третиот циклус студии на Економскиот Факултет во Скопје при Универзитет „Св. Кирил и Методиј"– Скопје, на студиската програма Економски науки со просечен успех 9,6. Во 2022 година успешно ја одбранил докторската дисертација со наслов „Предизвици и перспективи на деловните модели на банките - Случајот на Република Северна Македонија" и се стекнува со научен назив Доктор по економски науки.

Кандидатот активно зборува англиски, хрватски и српски јазик, почетен француски, а неговиот мајчин јазик е македонскиот.

***Работно искуство***

Започнувајќи од 2022 година до денес, кандидатот е вработен во Халк Банка АД Скопје, во Дирекцијата за управување со ризици. Неговиот ангажман е поврзан со подготовка на стратешки документи: Проценка на интерен капитал, План за опоравување, Апетит за ризик, Стратегија за управување со ризици; пресметка на исправки на вредност и резервации согласно ИФРС 9 стандардот; учество во имплементација на еколошки и социјални аспекти во кредитниот процес; подготовка на извештаи од областа на управување со ризици за Одборот за управување со ризици, Управниот Одбор и Надзорниот Одбор; подготовка на регулаторни извештаи од областа на кредитниот ризик; учество во имплементација на модели за управување со кредитниот ризик; имплементација на решенија од областа на банкарската регулатива и др.

Во периодот од 2016 до 2022 година кандидатот е вработен во НЛБ банка АД Скопје, во Секторот за управување со ризици, а претходно во Секторот за логистика на продажбата.

Кандидатот има познавање од Microsoft office / EVIEWS / Power BI, Power Query.

***Наставно-образовна и научно-истражувачка дејност***

Кандидатот во учебната 2023/2024 година бил ангажиран и вклучен во наставниот процес како наставник по клиничка настава, истакнат стручњак од практиката, на Факултетот за деловна економија и организациони науки при Универзитетот Американ Колеџ, Скопје. Во рамки на наставата на додипломските студии при овој факултет, во улога на предавач изведува настава по предметот Монетарна економија.

Кандидатот има добиено награда за најдобар труд на конференцијата на организирана од Florida Universitaria Valencia во Валенсија, Шпанија во 2022 година за трудот „The impact of the business model on the stability of the banks. The case of the Republic of North Macedonia“.

Д-р Љубе Јолевски ги има објавено следните **научни трудови во периодот на последните пет години, дадени во табелата:**

| **Труд** | **Објавен во последните 5 години пред распишување на конкурсот (24 април 2024)** | **Рецензирано списание** | **Референтна научна публикација** |
|---|---|---|---|
| Banks' business model and their profitability. The case of the Republic of North Macedonia, International scientific journal Horizons, Vol.31, No.2, p.p 123-137. https://doi.org/10.20544/HORIZONS.A.31.2.22.P10 | Да 2022 | Да. Утврдено според расположливи информации на интернет страницата од списанието и од информациите дадени во самиот труд | EBSCO, Google Scholar, CrossRef, EPrints |
| The impact of the business model on the stability of the banks. The case of the Republic of North Macedonia, The 5th conference | Да 2022 | Да. Утврдено според расположливи информации на | Да. Рецензиран научен труд презентиран на |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Contemporary issues in economics and technology, CIET Valencia 2022, 930 (5). pp. 49-54<br>https://ciet.floridauniversitaria.es/proceedings-2... | | интернет страницата од списанието и од информациите дадени во самиот труд | меѓународен академски собир |
| Profitability of the banks in the Republic of North Macedonia - Panel analysis for the 2010-2019 period, BH Economic forum, Vol. 15, No. 2, p.p. 37-52.<br>https://doi.org/10.5937/bhekofor2102037j | Да<br>2021 | Да.<br>Утврдено според расположливи информации на интернет страницата од списанието и од информациите дадени во самиот труд | Да<br>Ebscohost, Ceol, Road, Base, ProQuest, CiteFactor Indexing, Erihplus, Econbiz. |
| Comparative analysis of the concentration in banking industry of the Republic of North Macedonia and the European Union countries, 16th International conference of the association of economic universities of south and eastern europe and black sea region, Novosibirsk state university of economics and management, 2020, p.p. 147-153<br>https://www.asecu.gr/files/16th-international-asecu-conference-2020-novosibirsk-proceedings.pdf | Да<br>2020 | Да.<br>Утврдено според расположливи информации на интернет страницата од списанието и од информациите дадени во самиот труд | Да<br>Рецензиран научен труд презентиран на меѓународен академски собир |
| Empirical analysis of profitability, non-performing loans and operational efficiency in Macedonian banking sector, International scientific journal Horizons, Vol.26, No.3, p.p 189-208.<br>https://doi.org/10.20544/HORIZONS.A.26.3.20.P16. | Да<br>2020 | Да.<br>Утврдено според расположливи информации на интернет страницата од списанието и од информациите дадени во самиот труд | Да.<br>EBSCO, Google Scholar, CrossRef, EPrints |

Д-р Љубе Јолевски ги има објавено и следните научни трудови (постари од пет години од денот на објавувањето на конкурсот):

- Advantages and disadvantages of cooperation between banks and insurance companies, 2nd international scientific conference on IT, tourism, economics, management and agriculture, Graz University of Technology, Graz, 2018

- The impact of ownership of banks on their performance: Case study of sample of Balkan countries, Journal of economic theory and practice and social issues, Vol. 64, p.p 55-65, Nis, 2018
- The impact of non-performing loans on households on the financial performance of banks in Macedonia, 14th International scientific conference on service sector INSCOSES, University St. Clement of Ohrid, Ohrid, 2018
- Non-performing loans and profitability indicators: The case of the Republic of Macedonia, Journal of contemporary economic and business issue, Vol.4, No. 2, p.p 5-20, Skopje, 2017 • Modalities for resolving the non-performing loans, International scientific journal Horizons, Vol.21, p.p 181-191, Bitola, 2017
- The impact of the non-performing loans to banks' performance: The case of the Republic of Macedonia, Economy and market communication review, Vol. 7 Issue. 2,p.p 184-197, Banja Luka, 2017

**Презентирани наоди од истражувања на меѓународни конференции и конгреси во периодот на последните пет години:**

- The impact of the business model on the stability of the banks. The case of the Republic of North Macedonia, The 5th conference Contemporary issues in economics and technology CIET, Florida Universitaria Valencia, Spain, 2022
- Comparative analysis of the concentration in banking industry of the Republic of North Macedonia and the European Union countries, 16th International conference of the association of economic universities of south and eastern europe and black sea region, Novosibirsk state university of economics and management, Novosibirsk, 2020
- Empirical analysis of profitability, non-performing loans and operational efficiency in macedonian banking sector, 15th International scientific conference on service sector INSCOSES, University St. Clement of Ohrid, Ohrid, 2020
- The impact of non-performing loans to the corporate sector on the performances of banking sector in North Macedonia, 45th International scientific conference on economic and social development, Russian Social State University, Moscow, 2019
- Advantages and disadvantages of cooperation between banks and insurance companies, 2nd international scientific conference on IT, tourism, economics, management and agriculture, Graz University of Technology, Graz, 2018

**Учество на конференции и настани**

- How do European banks prepare for their ESG reporting in line with Pillar 3 and Green Asset Ratio, European Banking Federation webinar, June 2023
- Staying Strong in Volatile Markets: How Banks Can Overcome Challenges to Funding and Lending European Banking Federation, March 2023
- Environmental and Social Risk Management and Sustainable Finance Training and Capacity Building for NLB Group, EBRD virtual training, October 2021
- Risk management, governance and organisations for banks, ATTF House of training - Luxembourg, April 2021
- Data management workshop, NLB Group, March 2021
- Implementing environmental and social risk management systems for financial intermediaries, MIGA virtual training, March 2021
- Data science for business training, Data masters academy Skopje, December 2020
- Climate finance introduction training, MIGA, March 2020
- Challenges for integrated risk management in financial institutions, Institute for business management Heidelberg Skopje, October 2018
- Standards for restructuring and managing non-performing loans NLB Bank AD Skopje, November 2017
- Governance of SME and JSCs, IFC, September 2017
- Environmental and social risk management training, IFC, July 2017
- The best young, future bankers learn from the Vice Governor of the National Bank of the Republic of Montenegro, Milojica Dacic, ABIT, November 2016
- The best young, future bankers learn from the Governor of the National Bank of the Republic of North Macedonia, Dimitar Bogov, ABIT, March 2015.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на изнесените податоци за стручната, научната и наставната активност на д-р Љубе Јолевски и одредбите на Законот за високото образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни, наставни и соработнички звања на Универзитетот Американ Колеџ Скопје, Рецензентската комисија констатира дека кандидатот покажува постојан стручен и научен развој и е оформен во квалитетен универзитетски научник и наставник. Неговата наставна и научно-истражувачка работа е континуирана и ја потврдува ориентацијата за систематски пристап кон проблемите од научно- истражувачка и наставна област.

Имајќи ја предвид целокупната научна, стручна и наставна активност на кандидатот, Комисијата оценува дека д-р Љубе Јолевски ги исполнува предвидените законски и други услови

и со особена чест и задоволство му предлага на Наставно-научниот совет на Факултетот за деловна економија и организациони науки при Универзитетот Американ Колеџ Скопје, да биде избран во звањето *насловен доцент* по група предмети од областа на економија (5.02.00.01), финансии (5.02.00.07) и друго (5.02.00.09).

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА:

проф. д-р Томе Неновски, с.р.
Универзитет Американ Колеџ Скопје

проф. д-р Марјан Петрески, с.р.
Универзитет Американ Колеџ Скопје

проф. д-р Игор Величковски, с.р.
Универзитет Американ Колеџ Скопје

# BULLETIN

## OF THE UNIVERSITY AMERICAN COLLEGE SKOPJE

ISSN 1857-5323